ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 09/22



25.10.2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**За избор на соработник во соработничко звање асистент по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн на Факултетот за арт и дизајн (60712 Фраскатиева класификација) при Европски универзитет - Република Македонија во Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Скопје, на 213-та седница одржана на 17.10.2022 година, во врска со конкурсот објавен во дневниот весник ,,Вечер“ од 04.10.2022 година, со Одлука бр. 02 – 1190/1 формира Рецензентска комисија за **Избор на соработник во соработничко звање асистент по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација)** - во состав: редовен професор д-р Јана Манева Чупоска – претседател, редовен професор д-р Гордана Вренцоска – член, вонреден професор м-р Благојче Наумоски – член.

На распишаниот конкурс за избор на соработник во **соработничко звање асистент по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација)** се пријави кандидатката **м-р Славица Танеска**. Кандидатката, согласно распишаниот конкурс, достави: Пријава по конкурсот, Биографија со соодветни податоци, Диплома и уверение за завршен прв циклус на студии, Потврда за завршен втор циклус на студии, Уверение за државјанство, Уверение за познавање на странски јазик издадено од филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и прилози (портфолио со објавени уметнички, стручни дела).

По разгледување на поднесените документи на кандидатката, Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ - Скопје, го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Славица Танеска е родена на 26.10.1998 година во Охрид, Р. Македонија.

**Образование**

| | |
|---|---|
| **2017** | Сликарски дизајнер, Завршено школување во државното средно училиште по применета уметност „Лазар Личеноски“ во Скопје |
| **2021** | Дипломиран сликар со конзервација и реставрација, со завршен педагошки блок на предмети на Факултетот за ликовни уметности во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |
| **2022** | Магистер по ликовни уметности од област Сликарство, Факултет за ликовни уметности во Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје |

**Компјутерски вештини**

Компјутерски образована во следните програми: Microsoft Office, Word, Excel, Adobe Photoshop

**Јазици**
Македонски, англиски

## 2. СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ

**Професионално искуство**

- Соработник на националниот весник „Нова Македонија“
    - Редовно објавување на стрип за деца во додатокот „Колибри“ (до сега се објавени повеќе од 30 епизоди)
    - Автор на на словната страна на првиот број на списанието „Колибри + - кое излегуваше во весникот „Нова Македонија“

- Член на управниот одбор на здружението за заштита и промоција на културното наследство „Славеј Зрак “ – Охрид.

- Илустрации на корици на книги
    - „Селото од сонот“ – Цане Трпкоски
    - „Бело предено – црно ткаено“ – Цане Трпкоски
    - „Зелената месечина во очите на мајка ми“ – проф. д-р Наум Целакоски

**Самостојни изложби**

- Прва самостојна изложба 2010 во ЦК „Григор Прличев“ – Охрид
- Втора самостојна изложба 2013 во ЦК „Григор Прличев“ – Охрид
- Трета самостојна изложба 2017 во Дом на култура „Кочо Рацин“ – галерија КО – РА – Скопје
- „Траги на времето“ 2018 – самостојна изложба во Дом на култура „Кочо Рацин“ – галерија КО – РА - Скопје
- „Акварел“ 2019 – самостојна изложба во Дом на култура „Кочо Рацин“ – галерија КО – РА – Скопје
- „Во чест на четирите мајстори на модернизмот“ 2021 – самостојна изложба во галеријата на ФЛУ – Скопје (реализирана изложба по повод добивањето на наградата „Четирите мајстори на модернизмот“ од наставно научниот и уметнички совет на ФЛУ )
- „Траги на времето – етно амбиенти“ 2022 – самостојна изложба во етно музеј „Чифлик“ – Дебрца (по покана на здружението за заштита и промоција на културното богатство „Славеј Зрак“ – Охрид)

**Групни изложби**

- „Остен биенале на цртеж 2016“ изложба во Чифте Амам
- „Остен биенале на цртеж 2016“ изложба во галерија „Остен“
- „Танго Жалуз“ 2018 во галерија КО – РА
- „Танго Нуово“ 2017 во галерија КО -РА
- „Вечното танго“ 2019 КО - РА
- „Вечното танго и музиката на Астор Пијацола“ 2022 во галерија КО - РА

- „Велосипедите на нашите улици“ галерија КО – РА
- „Зелените покриви се нашите урбани зелени оази“ 2018 КО – РА
- „Во хармонија со природата“ 2017 во галерија КО – РА
- „За спас на планетата земја“ 2017 во галерија КО- РА
- Изложба со делата од книгата „Осврти, илуминации рименесценции“ на Виолета Калиќ во КО – РА
- Изложба во НЛБ Банка на учесниците на колонијата „Вевчански Видувања“ 2019
- Учество по покана на ЦК „Григор Прличев“на изложбите на роднокрајни автори во 2013,2014,2015,2016,2017
- 7 учества на групни изложби организирани од женскиот центар „Бисера“ во ЦК „Григор Прличев“ Охрид по повод 8-ми Март.
- „Jung Art“ во Музеј на град Скопје 2018

**Книга**

- Автор на книга „Траги на времето“ издадена во 2017 (ISBN 978-608-207-194-7) во која се поместени 100 цртежи од градби во 50 брсјачки села во Македонија

## 3. НАГРАДИ И ПРИЗАНИЈА

- Признание од универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за најдбар студент за генерацијата 2020/21
- Награда „Четирите мајстори на модернизмот“ –која ја доделува наставно научниот и уметничкиот совет на факултетот за ликовни уметности при УКИМ
- Признание за забележително учество од „Остен Биенале на цртеж 2016“
- Признание од германскиот „Гете институт“
- Грамота за сликарство доделена од амбасадата на Руската Федерација
- Единствен избран учесник од Македонија на првиот светски фестивал за акварел во Обединетите Арапски Емирати во 2017 (учество на уметници од 50 земји)
- Избрано дело за изложување на меѓународното „Биенале на млади 2023“ кое го организира „Музејот на современа уметност“ – Скопје.

## 4. РЕЦЕНЗИЈА

По согледување на доставената документација на кандидатката, Рецензионата комисија заклучува дека:

Кандидатката Славица Танеска има долгогодишно образование (средно и високо) од областа на ликовната уметност и дизајнот, и била континуирано активна на изложби – самостојни и групни, работилници, колонии, за време на своето школување и вон него. Била професионално ангажирана во областа на илустрацијата и стрипот преку соработка со национални изданија. За своите достигнувања во образованието и уметничките активности добила важни признанија и награди.

Од творечкото портфолио на кандидатката се забележуваат делата од областа на ликовната уметност, илустрацијата и дизајнот, во кои се истакнуваат цртачките вештини, деталниот цртеж, владеењето на различните ликовни техники - особено работата со акварелот, како и негувањето на медиумот на стрипот. Танеска објавила и книга со цртежи на куќи од 50 брсјачки села, што е забележително достигнување за уметник на млада возраст.

Комисијата смета дека кандидатката ќе може успешно да ги пренесе своите вештини и знаења во изведувањето и спроведувањето на наставната дејност.

## 5. КОНСТАТАЦИЈА

Според записот од рецензијата **се констатира** дека на објавениот конкурс конкурирала кандидатка со биографија во која се потврдува следново:

- кандидатката дипломирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје и се стекнала со назив Дипломиран сликар со конзервација и реставрација, со 244 ЕКТС;
- кандидатката магистрирала на Факултетот за ликовни уметности при УКИМ Скопје, со што се стекнала со назив Магистер по ликовни уметности – област сликарство, 60 ЕКТС;
- кандидатката остварила просечен успех од 9,63 на првиот, и 10.00 на вториот циклус студии;
- кандидатката била студент на генерација на ФЛУ за 2020/21, за што има добиено признание од ректоратот на универзитетот „Св. Кирил и Методиј"
- кандидатката била прогласена за најдобар студент на генерација од насоката сликарство во класата на професор Благоја Маневски;
- кандидатката е добитник на награда од наставно научниот и уметнички совет на факултетот за ликовни уметности – „Четирите мајстори на модернизмот"
- кандидатката има положено педагошки блок на предмети за време на редовните студии на Факултетот за ликовни уметности ( методика на ликовна култура) и на Педагошкиот факултет ( македонски јазик, педагогија на ликовна култура и психлогија) при универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
- кандидатката реализирала седум самостојни изложби и била дел од триесет и пет групни изложби во нашата земја и надвор од неа;
- кандидатката има професионално искуство од областа на илустрација на корици на книги и списанија, објавување на стрип во национален весник;
- кандидатката објавила книга „Траги на времето";
- кандидатката посетувала повеќе меѓународни ликовни колонии;
- кандидатката доставила доказ за понавање на англиски јазик;
- кандидатката има познавање на компјутерски вештини потребни за областа на дизајнот;
- кандидатката м-р Славица Танеска ги исполнува условите за избор во **соработничко звање асистент по група стручно – уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација).** Стручно-уметничките предмети се определени со студиската програма на Факултетот за арт и дизајн.

## 6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот конкурс за избор на соработник во соработничко звање асистент по група стручно – уметнички предмети од областа **Ликовна уметност и дизајн** на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет - Република Македонија во Скопје, објавен на 04.10.2022 во весникот „Вечер", се пријави една кандидатка **м-р Славица Танеска.**

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатката, согледувајќи го нејзиното стекнато образование, нејзината стручно-уметничка дејност и признанија, кандидатката **м-р Славица Танеска** ги исполнува критериумите за избор во соработничко звање **асистент** по група стручно-уметнички предмети од областа Ликовна уметност и дизајн согласно **член 170 од Законот за високо образование.**

Рецензентската комисија има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европскиот Универзитет, Скопје да ја избере

кандидатката **м-р Славица Танеска** во звање Асистент по група стручно-уметнички предмети од областа на Ликовна уметност и дизајн (60712 - Фраскатиева класификација) согласно **член 170 од Законот за високо образование.**

Скопје, октомври 2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Јана Манева, Чупоска, претседател**

**Проф. д-р Гордана Вренцоска, член**

**Проф. м-р Благојче Наумоски, член**